**25.01.2018 г.** Учество на наставниците по физичко и здраствено образование Петре Иванов и Снежана Мачавеловска-Мустачка на состанокот-собрание на Сојузот на училишен спорт на општина Кисела Вода.Се избра претседател на Сојузот на училишен спорт на општина Кисела Вода. Претседател е Јовица Ефтовски. Состанокот- собрание на Сојузот на училишен спорт на општина Кисела Вода се одржа во општина Кисела Вода во големата општинска сала од 12 часот.
**12.03.2018 г**. Добивме донација на две топки по кошарка (баскети) од Сашо пријател на ООУ ,,Кирил Печијновиќ'' за предметот физичко и здраствено образование.
**19.03.2018 г.** Учество на наставниците по физичко и здраствено образование Петре Иванов и Снежана Мачавеловска-Мустачка на состанокот-собрание на Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Состанокот-собрание на Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода се одржа во Општина Кисела Вода во големата општинска сала од 12 часот. Се разговараше за промена на досегашните основачи,членови на собрание,финанскиска подржка од општината за остварување на целите на сојузот,разгледување на термините за натпревари и друго.
**20.03.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Прво коло во кошарка.Натпреварот се одржа во спортската сала,,Независна Македонија'' од 12:30 часот.Се одржа натпревар по кошарка помеѓу екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ'' и екипата на ООУ.,,Круме Кепески''. Резултат 41:22 победа за екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ'' во кошарка.
**20.03.2018 г.** Добивме донација од Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода пет кошаркарски топки(баскети) за ООУ,,Кирил Пејчиновиќ''.
**21.03.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Прво коло во фудбал(футсал).Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј''од 13:30 часот .Се одржа натпревар во фудбал(футсал) помеѓу екипата на ООУ,,Невена Георгиева Дуња'' и екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ''. Резултат 0:2 победа за екипта на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ'' во фудбал(футсал).
**22.03.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Прво коло во одбојка(женски).Нтпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија'' од 14:30 часот.Се одржа натпревар во одбојка (женски) помеѓу екипата на ООУ,,Кузман Шапкарев'' и екипта на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ''.Резултат 0:2 победа за екипта на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ'' во одбојка (женски).
**23.03.2018 г.** Спортски активности во фудбал (футсал) во ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ'' по повод патрониот празник на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ''.Натпреварот се одржа во спортската сала на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ''од 10 часот. Се одржа пријателски натпревар во фудбал(футсал)помеѓу екипата на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ'' и екипата на ООУ,,Невена Георгиева Дуња''. Резултат 15:12 победа за екипата на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ''во фудбал(футсал).
**27.03.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Второ коло во кошарка.Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија'' од 13:50 часот. Се одржа натпревар во кошарка помеѓу екипата на ООУ,,Рајко Жинзифов" и екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ''. Резултат 16:28 победа за екипта на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ'' во кошарка.
**28.03.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Второ коло во фудбал(футсал). Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј'' од 12:30 часот. Се одржа натпревар во фудбал(футсал) помеѓу екипата на

ООУ,,Кузман Јосифовски Питу’’ и екипта на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 1:0 победа за екипата на ООУ,,Кузман Јосифовски Питу’’ во фудбал (футсал).

**29.03.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Второ коло во одбојка (женски). Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија’’ од 12:30 часот.Се одржа натпревар во одбојка(женски) помеѓу екипата на ООУ,,Партение Зографски’’ и екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 2:0 победа за екипата на ООУ,,Партение Зографски’’ во одбојка(женски).

**03.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Трето коло во кошарка.Нтпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија’’ од 14:30 часот. Се одржа натпревар во кошарка помеѓу екипата на ООУ ,,Кузман Шапкарев’’ и екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 42:29 победа за екипата на ООУ ,,Кузман Шапкарев’’ во кошарка.

**04.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода. Трето коло во фудбал(футсал). Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј’’ од 13:00 часот. Се одржа натпревар во фудбал(футсал) помеѓу екипата на ООУ ,,Климент Охридски” и екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 0:3 победа за екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во фудбал (футсал).

**05.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода. Трето коло во одбојка(женски). Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија”од 14:30 часот. Се одржа натпревар во одбојка(женски) помеѓу екипата на ООУ.,,Невена Георгиева Дуња” и екипта на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’.Резултат 0:2 победа за екипта на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’ во одбојка(женски).

**11.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Четврто коло во фудбал(футсал).Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј’’ од 12:30 часот.Се одржа натпревар во фудбал(футсал) помеѓу екипата на ООУ ,,Партение Зографски’’ и екипата на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’.Резултат 4:3 победа за екипата на ООУ,,Партение Зографски’’ во фудбал(футсал).

**12.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Четврто коло во одбојка(женски). Натпреварот се одржа во спорската сала ,,Независна Македонија”од 12:30 часот.Се одржа натпревар во одбојка(женски) помеѓу екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ и екипата на ООУ „Круме Кепески”. Резултат 2:0 победа за екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во одбојка (женски).

**17.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Четврто коло во кошарка.Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 11:30 часот. Се одржа натпревар во кошарка помеѓу екипата на ООУ.,,Партение Зографски’’ и екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 49:25 победа за екипата на ООУ ,,Партение Зографски’’ во кошарка.

**17.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода. Петто коло во кошарка Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 14:30 часот. Се одржа натпревар во кошарка помеѓу екипата на ООУ ,,Климент Охридски” и екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 0:20 победа за екипата на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’ во кошарка.

**18.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода. Петто коло во фудбал(футсал).Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј” од 13:00 часот. Се одржа натпревар во фудбал (футсал) помеѓу екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ и екипата на ООУ ,,Круме Кепески”.Резултат 3:3 нерешено во фудбал (футсал).

19.04.2018 г. Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Пето коло во одбојка (женски).Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 12:30 часот.Се одржа натпревар во одбојка(женски) помеѓу екипата на ООУ ,,Кузман Јосифовски Питу” и екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’.Резултат 1:2 победа за екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во одбојка (женски).

**23.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Шесто коло во одбојка(женски).Натпреварот се одржа во спортската сала,,Независна Македонија” од 13:50 часот. Се одржа натпревар во одбојка(женски) помеѓу екипата на ООУ ,,Рајко Жинзифов” и екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 0:2 победа за екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во одбојка(женски).

**24.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Седмо коло во фудбал (футсал).Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј”од 13:00 часот.Се одржа натпревар во фудбал (футсал) помеѓу екипата на ООУ ,,Кузман Шапкарев” и екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 0:0 нерешено во фудбал (футсал).

**24.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Шесто коло во фудбал(футсал).Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј” од 13:30 часот. Се одржа натпревар во фудбал(футсал) помеѓу екипата на ООУ ,,Рајко Жинзифов” и екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’.Резултат 0:4 победа за екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во фудбал (футсал).

**25.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода. Шесто коло во кошарка.Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 12:30 часот. Се одржа натпревар во кошарка помеѓу екипата на ООУ,,Кузман Јосифовски Питу” и екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’.Резултат 34:11 победа за екипата на ООУ,,Кузман Јосифовски Питу” во кошарка.

**26.04.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода. Седмо коло во одбојка(женски).Нтпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 14:30 часот. Се одржа натпревар во одбојка(женски) помеѓу екипата на ООУ.,Климент Охридски” и екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 0:2 победа за екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во одбојка(женски).

**03.05.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода. Полуфинале во одбојка(женски). Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 12:00 часот.Се одржа натпревар во одбојка(женски) помеѓу екипата на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’ и екипата на ООУ,,Кузман Шапкарев”.Резултат 2:0 победа за екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во одбојка(женски).

**03.05.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Финале во одбојка(женски). Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 14:30 часот. Се одржа натпревар во одбојка(женски) помеѓу екипата на

ООУ,,Партение Зографски”  и екипата на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’.Резултат 2:0 победа за екипата на ООУ,,Партение Зографски”  во одбојка(женски).Училишниот спорт,сезона 2018 година екипата на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’ го освои второто место во одбојка(женски).Во одбојка(женски)за освоеното второ место во училишниот спорт, сезона 2018 година ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’доби пехар,медаља и диплома.Наставничката по физичко и здраствено образование Снежана Мачавеловска-Мустачка доби диплома и медаља,наставникот по физичко и здраствено образование Петре Иванов доби диплома и медаља и екипата(учениците) во одбојка(женски) добија дипломи и медаљи.На доделувањето на наградите присутен беше и градоначалникот на општина Кисела Вода Филип Темелковски.

**03.05.2018 г.** Од Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода,претседателот Јовица Ефтовски ни додели 12 дреса со гаќици за одбојка(женски) кој остануваат за ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’.

**04.05.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода. Седмо коло во кошарка.Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 14:30 часот. Се одржа натпревар во кошарка помеѓу екипата на ООУ,,Невена Георгиева Дуња” и екипта на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резултат 0:20 победа за екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во кошарка. Во кошарка не влеговме во полуфинале на петто место сме и со кошарка завршивме. Училишниот спорт,сезона 2018 година екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ го освои  петтото место во кошарка.

**07.05.2018 г.** ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’-Кисела Вода, Скопје за училишниот спорт, сезона 2018 година на екипите(учениците) во одбојка(женски), фудбал и кошарка од ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ им додели дипломи за успешни спортски активности. ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’ и додели дипломи на наставничката по физичко и здраствено образование Снежана Мачавеловска-Мустачка за успешни спортски активности која беше одговорен наставник за екипите во фудбал,одбојка и кошарка од ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ за училишниот спорт,сезона 2018 година.

**09.05.2018 г.** Од Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода, претседателот Јовица Ефтовски ни додели 12 дреса со гаќици за кошарка кој остануваат за ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’.

**09.05.2018 г.** Од Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода, претседателот Јовица Ефтовски ни додели 10 дреса  и гаќици за фудбал (футсал) кој остануваат за ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’.

09.05.2018 г. Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Полуфинале во фудбал (футсал).Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј” од 12:00 часот. Се одржа натпревар во фудбал(футсал) помеѓу екипата на ООУ ,,Партение Зографски” и екипата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’. Резулта 1:0 победа за екипата на ООУ ,,Партение Зографски” во фудбал (футсал).

**09.05.2018 г.** Општински сојуз за училишен спорт на Кисела Вода.Финале во фудбал(футсал).Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј” од 13:30 часот,за трето место игравме.Се одржа натпревар во фудбал(футсал) помеѓу екипата на ООУ ,,Невена Георгиева Дуња” и екипта на ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’.Резултат 3:2 победа за екипата на ООУ,,Невена Георгиева Дуња” во фудбал (футсал). Училишниот спорт,сезона 2018 година екипата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ го освои четвртото место во фудбал (футсал) и за освоеното четврто место во фудбал(футсал) ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ доби пехар.

**16.05.2018 г.** На настивниците по физичко и здраствено образование Снежана Мачавеловска-Мустачка и Петре Иванов од ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’,факултетот за физичко образование,спорт и здравје им додели сертификати за активно учество на семинарот ,,Среднорочно и краткорочно планирање на наставата по физичко и здраствено образование и спорт и спортски активности’’(2017). Семинарот се одржа на 23.11.2017 година на факултетот за физичко образование, спорт и здравје со почеток од 10:00 часот.

**17.05.2018 г.** Во  ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ се одржа семинар за наука(професионален развој). Семинарот започна во 13:00 часот и траеше до 14:30 часот.На овој семинар присутни беа наставниците по физичко и здраствено образование Снежана Мачавеловска- Мустачка и Петре Иванов.Организатор на семинарот е Здружение за наука од Република Македонија.

**23.05.2018 г.** Наставичкиот совет во ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ се одржа на 23.05.2018 година во 13:30 часот.На наставниците по физичко и здраствено образование Снежана Мачавеловска-Мустачка и Петре Иванов ООУ,,Кирил Пејчиновиќ”им додели сертификати за активно учество на семинарот за наука (професионален развој). Овој семинар беше одржан на **17.05.2018** година во ООУ,,Кирил Пејчиновиќ” со почеток од 13:00 часот.Организатор на семинарот е Здружение за наука од Република Македонија.

**04.06.2018 г.** Учество на учениците од ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во фудбал (футсал) – КУП ,,Св. Ѓорѓи 2018г.’’ на општина Кисела Вода. Учество земаа учениците од ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’: Томи Станковски од 9а одделение, Виктор Спасовски од 9б одделение,Борис Насков од 9б одделение и Синиша Арсиќ од 9б одделение. Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Архиепископ Доситеј” од 10:45 часот. Се одржа натпревар во фудбал (футсал) помеѓу екипата на општина Аеродром и екипата на општина Кисела Вода. Резултат 2:1 победа за екипата на општина Аеродром во фудбал (футсал). Наставничката по физичко и здраствено образование Снежана Мачавеловска-Мустачка од ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ беше заменик селектор и лидер на селекцијата на екипата во фудбал (футсал) на општина Кисела Вода.

**05.06.2018г.** Учество на ученикот Давид Мицковски од 9в одделение од ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во кошарка – КУП ,,Св. Ѓорѓи 2018г.’’ на општина Кисела Вода. Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 10:00 часот. Се одржа натпревар во кошарка помеѓу екипата на општина Кисела Вода и екипата на општина Аеродром. Резултат 56:45 победа за екипата на општина Кисела Вода во кошарка.

**05.06.2018г.** Учество на учениците од  ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во фудбал (футсал) – КУП ,,Св. Ѓорѓи 2018г.’’ на општина Кисела Вода. Учество земаа учениците од ОО ,,Кирил Пејчиновиќ’’:

Томи Станковски од 9а одделение, Виктор Спасовски од 9б одделение,Борис Насков од 9б одделение и Синиша Арсиќ од 9б одделение. Натпреварот се одржа во спорстката сала ,,Архиепископ Доситеј” од 13:30 часот. Се одржа натпревар во фудбал (футсал) помеѓу екипата на општина Кисела Вода и екипата на општина Бутел. Резултат 6:2 победа за екипата на општина Кисела Вода во фудбал (футсал). Екипата на општина Кисела Вода го освои третото место во фудбал (футсал) – КУП ,,Св. Ѓорѓи 2018г.’’ На екипата на општина Кисела Вода и беше доделен пехар и диплома за освоено трето место во фудбал (футсал) – КУП ,,Св. Ѓорѓи 2018г.’’ На наставничката по физичко и здраствено образование Снежана Мачавеловска-Мустачка

од ООУ.,,Кирил Пејчиновиќ’’, општина Кисела Вода и додели Благодарница за придонес во реализацијата на Куп ,,Св.Ѓорѓи 2018г.” на општина Кисела Вода.

**06.06.2018г.** Учество на ученикот Давид Мицковски од 9в одделение од ООУ,,Кирил Пејчиновиќ’’ во кошарка – КУП ,,Св. Ѓорѓи 2018г.’’ на општина Кисела Вода. Натпреварот се одржа во спортската сала ,,Независна Македонија” од 13:00 часот. Се одржа натпревар во кошарка помеѓу екипата на општина Кисела Вода и екипата на општина Центар. Резултат 47:35 победа за екипата на општина Кисела Вода во кошарка. Екипата на општина Кисела Вода го освои првото место во кошарка – КУП ,,Св. Ѓорѓи 2018г.’’ На екипата на општина Кисела Вода и беше доделен пехар и диплома за освоено прво место во кошарка – КУП ,,Св. Ѓорѓи 2018г.’’

## Реализирани активности

- Изработка на распоред на часови за учебна 2017/2018 год.
- Изработка на распоред за дополнителна и додатна настава по паралелки
- Редовно ажурирање со податоци на училишниот сајт www,kirilpejcnovic.edu.mk и негово редовно ажурирање со податоци
- Редовно ажурирање на сајтови (дел од ИКТ) за предметите:
  математика https://sites.google.com/site/vezbajmatematika и информатика
  https://sites.google.com/site/uciinformatika

## Екскурзии

- Еднодневен излет во локалитет Лешок со научно, наставен и рекреативен карактер на 30.04.2018 за учениците од II-V одд.

- Еднодневен излет во локалитет Лешок со научно, наставен и рекреативен карактер на 02.05.2018 за учениците од VI-IX одд.

- Дводневна екскурзија со наставно –научен карактер во источна Македонија за учениците од VI одделение од 11 до 12 мај 2018 учениците од VI одд.

- Тридневна екскурзија со наставно – научен карактер во Охрид за учениците од IX одд. од 14 до 16 мај 2018.

## Извештај за работата на одделенскиот совет за одделенска и предметна настава

Одделенските совети за одделенска настава од I до V одд. се одржаа на:

- 06.11.2016
- 09.01.2018
- 03.04.2018
- 11.06.2018

Одделенските совети за одделенска настава од VI до IX одд. се одржаа на:

- 10.11.2017
- 10.01.2018
- 10.04.2018
- 08.06.2018 (за учениците од IX одделение)
- 11.06.2018

## Извештај за одржани Наставничките совети

записничар: Анета Г. Велкоска

**Наставничките совети се одржани на следните денови:**

**Записник бр. 11**

**01.09.2017г.**

Дневен ред:

1. Подготовките за прввиот училишен ден се завршени.
2. Во понеделник часовите ќе бидат скратени.
3. Родителските средби се закажани.
4. Реновирањето на салата е во тек и учениците ќе вежбаат во дворот.
5. Дежурствата се во состав како лани до следните промени.
6. На местото на наставничката Емилија Наумовски која отсуствува поради трудничко боледување ќе работи наставникот Едвин Љила.
7. Изработени се распоредите за часови за наставниците и учениците од страна на наставничката Билјана Крстиќ.

**Записник бр. 12**

**02.10.2017**

Дневен ред:

1. Надминување на слабите страни - забелешки од интегрална инспекција
2. Тековни прашања

**Записник бр. 13**

**31. 10. 2017**

Дневен ред:

1. Е – дневник
2. Проширување на Годишната програма со антикорупциски активности

**Записник бр. 14**

**10.11.2017**

Дневен ред:

1. Утврдување на бројна состојба на учениците од прво до деветто одделение за првото тримесечие во 2017/18 година
2. Реализација на наставен план и програма за првото тримесечие во 2017/18 година
3. Утврдување на :
-Постигнатиот успех на учениците
-Редовност на учениците
-Поведение на учениците во текот на првото тримесечие на учебната 2017/18 година за учениците од прво до деветто одделение
4. Тековни прашања (родителски средби)

**Записник бр. 15**

**12.12.2017**

Дневен ред:

1. Дописи од МОН, БРО.
2. Новогодишен хепенинг
3. Тековни прашања

**Записник бр. 16**

**12.01.2018**

Дневен ред:

1. Утврдување на бројна состојба на учениците од прво до деветто одделение за првото полугодие во учебната 2017/2018 година
2. Реализација на наставен план и програма за првото полугодие во учебната 2017/2018 г.
3. Утврдување на:
   - Постигнатиот успех на учениците по сите предмети
   - Редовност на учениците
   - Поведение на учениците во текот на првото полугодие во учебната 2017/2018 г.
4. Тековни прашања

**Записник бр. 1**

**26. 01. 2018 г.**

Дневен ред:

1. Усвојување на Полугодишен извештај за работата на ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, , Кисела Вода – Скопје во учебната 2017/2018 година.
2. Тековни прашања

**Записник бр. 2**

**10. 04. 2018**

1. Утврдување на бројна состојба на учениците од прво до деветто одделение за третото тримесечие во 2017/18 година
2. Реализација на наставен план и програма за третото тримесечие во 2017/18 година
3. Утврдување на:
   - Постигнатиот успех на учениците по сите предмети
   - Редовност на учениците
   - Поведение на учениците во текот на третото тримесечие на учебната 2017/18 година за учениците од прво до деветто одделение
   - Бројна состојба на учениците од продолжен престој
4. Тековни прашања

**Записник бр. 3**
**18. 04. 2018 година**
Со почеток во 09 : 20 часот

Дневен ред
1. Комисија за прием на првачиња
2. Предлог за законот за МОН / разгледување
3. Педагошки мерки
4. Тековни прашања

Состанокот го водеше директорот во присуство на стручните соработници и наставниците.

- Комисија – првачиња

1. Стручната служба – комисија
2. Васа Трајчевска – член

- Предлог програма:

Педагогот го извести присутните дека е потребно на ниво на активи да се достават предлог сугестии и коментари.

- Педагошка мерка:

а) Ученик од 9 одделение повредил соученик. Иво Насевски – педагошка мерка: писмена опомена.
б) Училиштето работи со ученикот Димитри Илиќ и му помага на различни начини.
- Педагошка мерка: писмена опомена.

- Групи по странски јазик

Двајца наставници по германски и италијански јазик ќе одржат бесплатни часови за учениците од социјално – ранлива група на ученици. Наставниците да направат список.

**ЗАПИСНИК БР. 4**
**одржан на ден 08. 05. 2018 година**
со почеток во 9:20 часот

Дневен ред
1. Критериуми за избор на најдобар наставник
2. Тековни прашања

**ЗАПИСНИК БР. 5**
**18. 05. 2018 година**
со почеток во 9:20 часот

Дневен ред:
1. Избор на најдобар наставник

**ЗАПИСНИК БР. 6**
одржан на ден 23. 05. 2018 година
со почеток во 13:30 часот

Дневен ред
1. Давање на мислење од Наставнички совет за наставниците кои аплицирале на огласот за избор на најдобар наставник од ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, , општина Кисела Вода – Скопје

2. Тековни прашања

**ЗАПИСНИК БР. 7**
одржан на ден 01. 06. 2018 година
со почеток во 13: 30 часот

ДНЕВЕН РЕД:
1. Усвојување на записникот од претходниот Наставнички совет
2. Предлог на ученици кои аплицираат за награди за талентирани ученици и усвојување на истиот (целосна документација)
3. Тековни прашања

**ЗАПИСНИК БР. 8**
одржан на ден 08. 06. 2018 година
со почеток во 15: 00 часот
Дневен ред:

1. Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок
2. Утврдување на бројна состојба на учениците од деветто одделение за учебната 2017/2018 година
3. Утврдување на успех, редовност и поведение на учениците од деветто одделение за учебната 2017/2018 година
4. Потврдување на предлогот за ученици – Првенец на генерација
5. Родителска средба 08. 06. 2018 г. (петок)
6. Поделба на сведителства (14. 06. 2018 г. – четврток)
7. Тековни прашања

# Извештај за работата на Училишниот одбор

## Претседател на УО на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Скопје - Павлинка Мијалова

Училишниот одбор е највисок орган кој е одговорен за управување со училиштето. Составот и надлежностите на УО се дефинирани со Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

*Училишниот одбор е одлучувачко тело за управување со училиштето.

* Училишниот одбор во соработка со директорот на училиштето и училишните тимови постојано поттикнува активности кои ќе обезбедат квалитет во работењето.

Училишниот одбор одржа состаноци на следниве дати:

| **Дата на одржаниот состанок на УО** | **Дневен ред на одржаниот состанок на УО** |
|---|---|
| 25.08.2017год. | 1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок<br>2.Усвојување на предлог Годишна програма за учебната 2017/2018 год.<br>3.Усвојување на извештајот од Самоевалуацијата за работата на ООУ Кирил Пејчиновиќ |
| 10.10.2017год. | 1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок<br>2.Донесување и усвојување на Анекс договор во врска со активности поврзани со анти корупциска едукација на учениците во основните училишта<br>3.Донесување Одлука за формирање на Пописна комисија за Редовен попис на буџетски корисник на ООУКирил Пејчиновиќ - Скопје на средствата и на изворите на крајот на деловната 2017год. со состојба на 31.12.2017год. |
| 17.01.2017год. | 1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок<br>2.Давање мислење до Директорот за избор на наставници за учебната 2017/2018год. по објавен оглас во весникот „Нова Македонија“ и „Лајме“ од |

| | |
|---|---|
| | 18.12.2017год.<br>3.Усвојување на финансиски планови за 2018 година<br>4.Донесување Одлука за висина на благајнички максимум за 2018 година<br>5.План за јавни набавки за 2018 година на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ,,- Скопје<br>6.Тековни прашања |
| 23.05.2017год. | 1. Претставување на новиот член на Училишен одбор именуван од Министерство за образвание и наука на РМ<br>2. Запознавање на членовите на УО со активностите на училиштето<br>3. Тековни прашања |

### Извештај за работата на Советот на родители

Претседател на Совет на родители: Лариса Оранска

Состаноците се одржани на:

- 12.09.2017
- 09.11.2017
- 15.02.2018
- 03.05.2018

## Извештај за работата на одделенската заедница

Одговорен наставник: **Александра Ѓуровска**

Во првото полугодие од учебната 2017/2018 година беа реализирани две средби меѓу претставниците на ученичката заедница со одговорниот наставник.

Првата средба беше реализирана на 16.10.2017г. и на истата, присутните ученици одбраа: претседател, потпретседател, записничар и благајник на училишната заедница, а беше усвоена и програмата за работа на заедницата.

Втората средба се одржа на 18.12.2017г. На овој состанок, беше усвоен Кодексот на однесување на учениците. Присутните ученици доставија извештај за редовноста и дисциплината на учениците за време на наставата и се донесоа заклучоци како да се подобри дисциплината и редовноста на учениците. На средбата се дискутираше и за претстојниот Новогодишен хепенинг, односно учениците беа потсетени дека во училиштето како и секоја година ќе се одржи Новогодишен хепенинг, во рамките на кој учениците ќе бидат во можност да ги изложат и продадат своите рачни изработки. Учениците беа потсетени на Правилникот за оценување на постигањата на учениците, кој ги опфаќа обврските на: наставниците, учениците и родителите и на Правилникот за пофалби, казни и избор на првенец на генерација кои беа усвоени претходната учебна година.

Во второто полугодие од учебната 2017/2018 година беа реализирани пет средби меѓу претставниците на ученичката заедница со одговорниот наставник.

Првата средба се одржа на 29.01.2018г. и на неа учениците ги изнесоа сопствените впечатоци од полугодишниот распуст. На средбата се даваа предлози за подобрување на наставниот процес и условите за работа.

Втората средба се реализираше на 26.02.2018г. и на истата се дискутираше за тековните проблеми во секоја паралелка. Особено внимание се посвети на дициплината на учениците, а се разгледуваа и предлози како позитивно да се влијае на проблематичните ученици. Исто така, вниманието на учениците беше насочено кон подготовкита за одбележување на Денот на училиштето преку традиционалниот настан „Кирил фактор“ и литературниот и ликовен конкурс на тема: „Куфер со соништа“.

Третата средба беше реализирана на 02.04.2018г. и на истата се разговараше за претстојниот велигденски хепенинг. Присутните ученици дадоа конструктивни предлози за овој настан. Беше договорено во организацијата да се вклучат и родителите.

Четвртата средба беше реализирана на 30.04.2018г. и на истата се дискутираше за планираниот еднодневен излет во локаитетот Лешок, како и претстојната настава во природа за учениците од петто одделение, дводневата екскурзија за учениците од шестите одделенија и тридневната екскурзија за учениците од деветто одделение. Со претставниците од деветтите одделенија се разговараше за прославата на полуматурската вечер за која тие се изјаснија да се одржи во ресторанот „Градина“ на 31.05.2018г.

Последната, кратка средба се одржа на 04.06.2018 Учениците беа информирани дека учебниците треба да се вратат на 08.06.2018г, а потоа секој од присутните ученици ги искажа своите впечатоци од целата учебна година.

# Извештај за работата на тимот за професионален развој и кариера

**Претседател на тимот за професионален развој и кариера: Анета Велкоска**

Наставниците и стручните соработници во ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, посетија десиминација од семинарот за професионален развој и кариера и ја изработија потребната документација потребна за реализација на проектот за развојот на личната кариера.

Наставниците поделени по активи (актив на природно-математичка група предмети, актив на општествено-јазична група и актив на одделенска настава) ги обработија потребните документи и истите беа задржани индивидуално кај секој наставник.

Разбрани се и проучени се исто така скалата за самопроценка и компетенциите на наставникот и секој индивидуално ги обработи своите компетенции за развој.

Во текот на учебната 2017/2018 година претстои реализација на професионалниот план и програма за работа.

Секој наставник индивидуално изврши самопроценка од областа на:
*Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем
*Поучување и учење
*Создавање стимулативна средина за учење
*Социјална и образовна инклузија
*Комуникација и соработка со семејството и заедницата
*Професионален развој и професионална соработка

Од анализата на скалата за самопроценка секој наставник индивидуално се изјасни:
1. За компетенции во кои е добар и преку кои може да им помогне на колегите.
2. За компетенции за кои треба да ги развива
3. За идеите за подобрување на компетенциите

Личниот план за професионален развој ги опфати компетенциите, активностите, ресурсите, времето на реализација како и исчекуваните резултати.

Во второто полугодие следува реализација на зацртаните цели, посета на часови од стручната служба и извештај за сработеното како и план и програма за идната учебна година.

# Извештај за работата на училишната библиотека

**Библиотекар: Анета Велкоска**

## СЕПТЕМВРИ

1. Уредување на училишната библиотека за почеток на учебната година.
2. Уредување на инвентарната книга и распоред на книжен фонд за попис и за уредување на електронската библиотека.
3. МОН – акција со бесплатни учебници, примопредавање и воведување на новите програми по Кембриџ – системот
4. Е- библиотека, распоред, класификација, пополнување.
5. Записници од Наставнички совет
6. Издавање на книги и прирачници за учениците и наставниците.
7. Изработка на проект со учениците од библиотекарската секција: Литературните видови ги учам преку цртежи и техники.

## ОКТОМВРИ

1. Проект: Библиотека од соништата – сите книги што сакам да ги читам. План за организирање на читања и посети на училишната библиотека.
2. Записници од Наставнички совет, пишани и електронски.
3. МОН- тек на акцијата со бесплатните учебници, дистрибуција на учебниците и тековно примопредавање.
4. Соработка со Сојузот за грижи и воспитување на децата на Р. Македонија за фестивали на детско творештво (поезија и проза)(песни на слободна тема и недовршен расказ за екологија и сообраќај).
5. Издавање на книги за ученици и наставници.
6. Проект со учениците од библиотекарската секција: Граматиката на македонскиот литературен јазик преку игра.
7. План и инспирации за мултикултурен проект на ниво на општина Кисела Вода.

## НОЕМВРИ

1. Акција – подари книги, збогати ја училишната библиотека.
2. Средба на учениците од библиотекарската секција со писателите за деца и млади Горјан Петревски, Вера Андон, Киро Донев, Стојан Тарапуза и др.
3. МОН – нови учебници и уредување на магацинот.
4. Запис на записници од Наставнички совети.
5. Издавање на книги и прирачници за учениците и наставниците .
6. Лектирите во основното образование – работилници со учениците од библиотекарската секција.
7. Посета на учениците од прво одделение во училишната библиотека, предавање и творење.

## ДЕКЕМВРИ

1. Град на книгата, учениците творат и создаваат креации – библиотекарска работилница.
2. Учебници – документација и прием на нови учебници, распределба.
3. Соработка со Сојузот за грижи и воспитување на децата на Р. Македонија за уметност, медиуми и литература, издаваштва и промоции.
4. Записи на Наставнички совети.
5. Издавање на книги и прирачници за ученици и наставници.
6. Работилница – Кој може да биде наратор во литературните дела?
7. Соработка и дистрибуција на списанија од издавачката куќа ,,Просветно дело,, (Росица, Другарче, Развигор и Наш Свет) и од издавачката куќа ,,Либи,, (Мини либи и Либи).
8. Новогодишни пораки за промена, подобро образование, дружење и патување во светот на книгите.

## ЈАНУАРИ / ФЕВРУАРИ

1. Уредување на библиотеката. Класификација на учебниците.
2. Нова обука за електронско нарачување на учебници
3. Семинари и обуки од областа на библиотекарството и професионалниот развој во основното образование.
4. Работилници за учество на детскиот фестивал ,,Детски лирски треперења,,
5. Записници од состаноци на Наставнички совет
6. Гостување на писатели за деца и одржување на отворени часови
7. Подготовка на ученици за учество на натпревари по македонски јазик и литература

**МАРТ**

1. Распределба на активности од библиотеката за учениците од прво до деветто одделение во соработка со издавачки куќи, библиотеки, музеи, галерии, домови на културата.
2. Креативна нишка на уметноста (литература, сликарство, креации)
3. Договор за набавка на нови книги, донации, акции за подарувања на книги.
4. Записници од состаноци на Наставнички совет
5. Кариера и професионален развој – дополнувања на знаењата и практиката
6. Учебници – воведување на нова програма и реализација
7. Лектири во основното образование – промена и воведување во програмата

**АПРИЛ**

1. Посета на САЕМОТ на КНИГАТА (Набавка на нови книги за училишната библиотека)
2. Изработка на ѕиден весник и библиотекарско катче
3. Библиотекарска секција – активности и часови, работилници
4. Меѓународен ден на литературата за деца – творење на слободна тема
5. Водење на записници од Наставнички совет
6. Учебници – електронски формулари, нарачка и записи
7. Професионален и кариерен развој – уредување на регистарот со документи

**МАЈ**

1. Денот на Св. Кирил и Методиј, изработка на креативно пано (Разиграна азбука)
2. Хепенинг за Денот на ЕУ – презентација со облека, храна, литература, места, украси и личности.
3. Почеток на акцијата со бесплатните учебници
4. Фестивал Детски лирски треперења, Охрид, проза и поезија
5. Записници од состаноци на Наставнички совет
6. Професионален развој и кариера – сумирање на завршните податоци од реализираните планови и програми.
7. Работа со учениците од библиотекарската секција

**ЈУНИ**

1. Избор и прогласување на најчитана книга и читачи рекордери по одделенија
2. Раздолжување на книгите во библиотеката
3. Спроведување на акцијата со бесплатните учебници од МОН
4. Посета на издавачка куќа, список на книги за читање на летниот распуст
5. Водење на записници од Наставнички совет
6. Учебници – спроведена е акцијата
7. Професионален и кариерен развој – реализирани се програмските цели и планови.

# Извештај за реализирани активности од програмата на психологот

Реализатор: Вера Митровска

Програмирање и организирање на воспитно-образовната работа

СОДРЖИНСКА ЦЕЛИНА:

- Учество во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето
- Учество во изготвувањето на Полугодишниот извештај за работа на училиштето
- Изготвување на извештај за сопствена годишна и месечна програма
- Изготвување на сопствен извештај за работа

Следење на воспитно- образовната работа

| **Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање во училиште** | | |
|---|---|---|
| ***Содржина*** | ***Вид активности*** | ***Реализација*** |
| Утврдување на зрелоста кај децата со намалени психофизички способности | Примена на проективни техники и инструменти, соработка со ЦМЗ | Мај, Август Септември |
| Утврдување на зрелост кај деца со помала календарска возраст кои се запишуваат во I - одд. | Примена на проективни техники Советодавна работа со родители | Мај, Август Септември |
| Следење на прилагодувањето на учениците во I одд. | Психо советодавна работа со ученици и родители | Септември |
| *Откривање на учениците со потешкотии во напредувањето* | | |
| Следење на однесувањето и успехот на учениците од I-VIII-одд. | Опсервација, разговор со родители, наставници и ученици | Континуирано |
| Следење на адаптацијата на учениците во V -одд. | мониторинг, разговор, анализа на успехот | Октомври Ноември Декември |
| Откривање на причините за можно нередовно посетување на наставата *агресија *проблеми во комуникацијата | Скали на проценка, мониторинг, разговор | Октомври |
| Утврдување на степенот и видот на надареност на учениците | Примена на ДАТ | во текот на полугодието |
| Мониторинг во наставата | Советодавна работа со наставници Советодавно-инструктивна работа со ученици | во текот на полугодието |
| Оспособување на учениците за самооценување | Изготвување анкети и прашалници | Ноември |
| ***Професионална ориентација*** | | |
| Следење на психофизичкиот развој на учениците | Психолошки инструменти, работилници | Континуирано |
| Следење на социјалниот и емоционалниоит развој на учениците | Мониторинг Психолошки работилници, интервју, генограм | Континуирано |
| Примена на техники на учење | Работилници | Октомври, Февруари |
| Организирање посети на средни училишта | Презентации, видео записи, родителски средби | Ноември |
| Стратегии за соработка со локалната средина и социјалните партнери | Маркетинг, презентации Изготвување листи со податоци | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Планирање и програмирање за внатрешно советување на учениците | Групно и индивидуално професионално информирање | Континуирано |
| Планирање и програмирање на маркетингот во училиштето | Издавање брошури, јавно информирање | Континуирано |
| ***Влијанието на некои фактори што го определуваат успехот во учењето*** | | |
| Почитување на принципите за етичност во оценувањето | Анкета, прашалници со учениците, наставниците, родители | Октомври Декември |
| Проблемот на социјализацијата со ученици кои потекнуваат од дисфункционални семејства | Соработка со Центарот за зависности, предавање | континуирано |
| Влијанието на семејството и однесувањето на учениците | Советодавна работа со ученици, родители, Наставници | континуирано |
| *Советодавно-инструктивна работа* | | |
| Стратегии за помош на учениците од VI-IX одд.за создавање фер и правично оценување | Визии на учениците за промени во училиштето-работилници | Октомври. Јануари |
| Учество во реализацијата на Стручните активи | Примери на инструменти, методи и средства за работа за објективно оценување | континуирано |
| **Унапредување на оценувањето на знаењата на учениците** | | |
| Утврдување на степенот на знаење кај учениците евиденција на докази од наставниците | Извештај, следење, информирање | Ноември, Јануари, Април |
| ***Водење на сопствена евиденција и документација*** | | |

- Водење на психолошко досие за учениците
- Водење дневник на активности
- Евидентирање на ученици кои се запишуваат во И одд и нивните психо-социјални карактеристики
- Евиденција за опфат и упис во Средни училишта на учениците кои завршиле IX одд.

Прегледи, табели извештаи за МОН,БИРО,Сектор за образование на Општина Кисела Вода
Учество во Проект за основно образование
Компонента: ,,Примена на стандарди во оценувањето,, и „Воведување на етички кодекс во оценувањето“

Проектот ,,Унапредување на оценувањето“ во основните училишта е финансиран од УСАИД со цел зајакнување на образованието во Р Македонија и поддршка во процесот на децентрализација. Проектот на основно образование ПЕП е петгодишен проект во кој се опфатени сите државни институции во Р. Македонија со цел да се подобри квалитетот на наставата и да се унапредат вештините на младите за оценување. во Македонија кои работат на компонентата за „Унапредување на оценувањето“ на учениците и „информатичката технологија во наставата“ ИКТ.

Во текот на учебната 2017/2018 година беа реализирани повеке отворени часови со примена на формативното оценување и за истите се подготвени комплетни материјали за нивно применување (дневни подготовки, инструмени, примена на ИКТ, Power Point

Цели:

- да го подобри и поттикне квалитетот на учењето
- да го подобри оценувањето на ниво на училиште, особено формативното оценување,
- да обезбеди постапки и инструменти за оценување што наставниците ќе можат да ги користат во пракса
- развивање на вештини за аналитичко и критичко мислење
- развивање способности за примена на знаењата

УЧЕСНИЦИ: Со проектот се опфатени наставниците од предметна настава. Вкупно 20 наставника се обучија за реализација на нацрт - стандардите во училиштето.

| |
|---|
